# ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во текот на месец ноември стручниот тим на Институтот за демократија пристапи кон спроведување на телефонска анкета за испитување на перцепциите на граѓаните на Република Македонија за актуелни политички теми.

## КОРИСТЕНА МЕТОДОЛОГИЈА

Испитувањето беше направено врз основа на стандардизиран, стратификуван примерок кој е репрезентативен за населението на Република Македонија. Во примерокот беа запазени демографските специфики на населението (полова структура, старосни групи, степен на образование, етничка припадност и занимање), а беше направена и соодветна поделба на испитаниците според населеното место и регионот во кој живеат.

## РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА

Во однос на анкетниот прашалник испитаниците на територијата на Република Македонија се изјаснија на следниот начин:

**Доколку следната недела би се одржале парламентарни избори за која партија би гласале?**

Во ова прашање, најголем дел од граѓаните се изјасниле дека нема да гласаат за ниедна партија (33,5%) или пак дека сеуште не се одлучиле за кого да гласаат (21,8%). Од оние кои веќе имаат свој фаворит, односно партија за која би гласале, скоро 10% (9,9%) се одлучиле за ВМРО-ДПМНЕ, а слични 9,1% би гласале за СДСМ. За ДУИ се определиле 7,8%, а за ДПА 6,9%. Останатите партии се далеку зад овие четири, па така Социјалдемократските сили (новата партија на Тито Петковски) има 1,6%, ПДП 1,5%, ВМРО-НП 0,7% и ЛДП 0,6%.

**Независно од вашата политичка определба, според вас, која партија ќе победи на следните парламентарни избори?**

Ставовите на граѓаните по ова прашање покажуваат слична состојба со првото прашање во која повторно се забележува дека 41.8% од испитаниците не знаат кој ќе победи. 15,8% го посочиле ВМРО – ДПМНЕ како победник додека 14,8% сметаат дека СДСМ ќе победи на следните избори. За ДУИ се определиле 7.1%, а 6.7% мислат дека ќе победи ДПА. Другите партии гравитираат со вредности под 3%.

**Во кој политичар имате најмногу доверба?**

Резултатите од ова прашање покажуваат дека 9.2% од испитаниците имаат најмногу доверба во Никола Груевски. По него следат Али Ахмети со 8.3%, Арбен Џафери со 7,6%, Тито Петковски со 6.9%, Бранко Црвенковски со 4.2% и Владо Бучковки со 3.6%. Во ниеден политичар немаат доверба 46.7%.

**Кој од политичките лидери сметате дека може да даде најголем придонес за подобрување на економската состојба во земјата**?

На ова прашање 38.7% сметаат дека никој неможе да даде поголем придонес за подобрување на економската состојба во Република Македонија. Од испитаниците кои се определиле, 14% сметаат дека најголем придонес може да даде Никола Груевски, 5.6% сметаат дека тоа може да го стори Тито Петковски додека 3.4% се определиле за Владо Бучковски. За лидерите на партиите на етничките Албанци се одлучиле 1.8% (Арбен Џафери), односно 1% (Али Ахмети).

**Дали сметате дека треба да се одржат предвремени парламентарни избори**

Значаен број од испитаниците, (50.4%) не сметаат дека се потребни предвремени избори, додека нешто повеќе од една третина (36.6%) би поддржале ваков предлог.

**Дали сте задоволни од работата на скопскиот градоначалник во првите шест(6) месеци од неговото работење?**

Скоро две третини од испитаните Скопјани (61.6% од 268 испитани) се изјасниле дека не се задоволни од работата на новиот градоначалник на

Скопје. Оние кои се изјасниле позитивно за политиката на Трифун Костовски се застапени со 23.9%.

**Напомена**
Зад овој извештај стои Центарот за истражување на Институтот за демократија. Овој центар се оградува од секоја погрешна интерпретација на податоците и ги замолува медиумите да го презентираат објективно.

Со почит,

Владимир Божиновски

Центар за истражување на јавното мислење,

Институт за Демократија

тел. 02 3 217 080

моб. 070 269 828